## Безбедносна информација за корективна мерка за постапување

## Брз комфорен тест за самотестирање - NASOCHEK comfort SARS-CoV-2

Почитувани здравствени работници,

Ве известуваме за безбедносна корективна мерка за медицинското средтво Брз комфорен тест за самотестирање - NASOCHEK comfort SARS-CoV-2 која се однесува на можноста во некој примерок од пакувањето да недостасува течност (реагенс) за изведување на тестот и во ретки случаи да недостасува брис стапче. Ве замолуваме да го замените тоа пакување од тестот со нов комплетиран тест. Со тоа би сакале да излеземе во пресрет на пациентите и целта да се направи брз скрининг при што ќе се спречи понатамошно ширење на инфекцијата.

Вие, неисправното пакување треба да го пријавите и вратите во соодветната веледрогерија од каде сте го набавиле, при што ќе Ви биде заменето од нивна страна.

Несаканите реакции од медицинското средство може да ги пријавите кај носителот на решение за запишување во регистерот на медицински средства достапни во Република Северна Македонија – СИНЦЕРИТАС А.Д. Скопје (info@sinceritas.eu) или на телефон 071333770 и во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

Со почит,

Катерина Дојчиновска

Одговорно лице за материовигиланца